## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за електронските комуникации, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јануари 2018 година

Бр. 08-365/1 Претседател

15 јануари 2018 на Република Македонија,

Д-р Ѓорѓе Иванов, с.р

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

### Член 1

Во Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), во членот 16 став (1) во алинејата 5 запирката се заменува со сврзникот „и“.

Во алинејата 6 запирката се заменува со точка.

Алинеите 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 се бришат.

### Член 2

Во членот 22 став (2) во алинејата 13, точката и запирката се заменуваат со сврзникот „и“.

Алинејата 14 се брише.

**Член 3**

Одредбите од член 22 став (2) алинеи 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 4**

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговиот избор.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во став 1 на овој член му престанува мандатот.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.